# ЗАКОН
## за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи меѓу Европската Банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 kV далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија)

**Член 1**

Во Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем што ќе се склучи меѓу Европската Банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 kV далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија) ("Службен весник на Република Македонија" бр.72/03), називот на законот се менува и гласи:
"Закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем склучен меѓу Европската Банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 kV далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија) и Амандманот број 1 кон Договорот за заем што ќе се склучи помеѓу Европската Банка за обнова и развој и Оператор на електропреносниот систем на Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост (АД МЕПСО)".

**Член 2**

Членот 1 се менува и гласи:
"Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските по Договорот за заем за реализација на Проектот за изградба на 400 kV далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија) склучен помеѓу Европската Банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. во износ од 40.470.600 ЕВРА, како и по Амандманот број 1 кон Договорот за заем што ќе се склучи помеѓу Европската Банка за обнова и развој и Операторот на електропреносниот систем на Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост (АД МЕПСО) ".

**Член 3**

Во членот 3 став 3 по зборовите: "правни услуги" запирката се заменува со точка, а текстот до крајот на ставот се брише.
По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
"Обврската за плаќање на провизија на неповлечениот дел од средствата од 0,5% годишно ја презема АД МЕПСО".

**Член 4**

Во членовите 2, 4, 5, и 6 зборовите: "Електростопанство на Македонија А.Д." се заменуваат со зборовите: "Оператор на електропреносниот систем на Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост (АД МЕПСО)".

**Член 5**

Министерството за финансии и АД МЕПСО ќе склучат договор за регулирање на меѓусебните права и обврски по основ на издадената гаранција кон Европска Банка за обнова и развој од членот 1 од овој закон.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".